РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup

| Примено: E Pranuar: | 25-12-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица / Njësia organizative | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| [redacted] | | | |

( Образец ПП……)

До: [redacted]
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: макроекономски показатели за 2025 г

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ____ (заокружено)

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил (заокружено)
- д) друго ____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје, 25/12 2024 година.

[redacted]
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

– Сектор за правни работи –
*Одделение за слободен пристап до информации од јавен карактер и заштита на лични податоци*

Архивски број[redacted]
Датум:
13-01-2025

Врз основа на член 17 став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), постапувајќи по Барање за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] Скопје, преку застапник/полномошник на барателот на информацијата Александра Ивановска, Министерството за финансии во својство на имател на информации, донесе

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено до Министерството за финансии од барателот [redacted] Скопје, преку застапник/полномошник на барателот на информацијата Александра Ивановска заведено под број[redacted] од 25.12.2024 година, СЕ ОТФРЛА.

## *Образложение*

До Министерството за финансии доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од страна на барателот Мак Аутостар ДООЕЛ Скопје, преку застапник/полномошник на барателот на информацијата Александра Ивановска заведено под број[redacted] година.

Со предметното Барање од Министерството за финансии се бара пристап до информација која се однесува на макроекономските показатели за 2025 година.

Разгледувајќи и постапувајќи по предметното Барање, Министерството за финансии утврди дека Барањето **е непотполно и поради тоа како имател на информации не може да постапува и пристапи кон примена на одредбите од член 17 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**.

Оттука, Министерството за финансии во својство на имател на информации, достави Известување за потребата од дополнување на Барањето за пристап до информации од јавен карактер во електронска форма преку е-пошта од 26.12.2024 година и притоа побара да достави полномошно од причина што се јавува како застапник/полномошник на барателот Мак Аутостар ДООЕЛ скопје.

Согласно со Барањето за доставување на полномошно, подносителот е должен да го дополни барањето во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за потреба од дополнување на барањето, односно во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за потребата од дополнување на барањето.

Во член 17 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е наведено дека ако барањето е непотполно и поради тоа имателот на информацијата не може да постапува, тој ќе побара од барателот на информацијата

да го дополни барањето, со укажување на последиците ако тоа не го направи. Барателот е должен да го дополни барањето во рок од три дена од денот на известувањето за потребата од дополнување на барањето, односно во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за потребата од дополнување на барањето. Додека во ставот (3) од истиот член е утврдено ако барателот не постапи согласно со ставот (1) на овој член, имателот на информацијата со решение ќе го отфрли барањето.

Од причина што барателот не постапил согласно одредбите од член 17 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Министерството за финансии **како имател на информации не може да постапува** по непотполно Барање.

Имајќи го предвид горенаведеното, Министерството за финансии одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение, барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Министер за финансии
м-р Гордана Димитриеска – Кочоска

[redacted]